Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

АВТОРИ

Виолета Петроска Бешка

Николина Кениг

Ајше Ајрулаи

СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Издавач:
Биро за развој на образованието

Уредник:
Абдулфета Фетаи

Автори:
Виолета Петроска Бешка
Николина Кениг
Ајше Ајрулаи

Спроведување на истражувањето во училиштата:
м-р Афродита Давко, Александар Јолевски, д-р Жанета Чонтева, Весна Попова, Маре Бојческа - Савеска Флора Бесими, Абдираман Мемети, Ајше Селмани, Антоанета Шмит-Таневска, Башким Мислими, м-р Бети Денков, д-р Блага Панева, Борјана Јанакиева-Заева, Ванче Маневски, Весна Наумофф, Весна Торбовска-Василевска, м-р Валбона Камбери, м-р Виктор Баџуков, Вјолца Мехмети-Нуредини, Владимир Партинов, д-р Габриела Дурчевска-Георгиева, Горан Стојанов, Гордана Јанакиевска, Даниела Тачевска-Николов, Ѓулај Исаки-Усеини, Емилија Јованова, Емилија Пановска, Жаклина Марковска, Зоран Мазновски, м-р Зоран Трајковски, Ирена Борисовска, Ирина Ѓуровска - Пејоска, м-р Илир Мемеди, м-р Јанко Билбилоски, Јасмина Богдановска, Јасминка Несторовска - Иваноска, м-р Јулија Глигорова-Трајаноска, м-р Кети Димковска, Латифе Бајрами, Лидија Гиноска, д-р Лидија Кондинска, д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, м-р Мирјанче Милошевска, , Масар Авдиу, Мерзије Гаши-Сулејмани, д-р Наталија Ацеска, Нафије Садикоска-Елезоска, Невена Бошковска, м-р Оливер Станојоски, Олгица Наумоска, Оливера Тодороска, Онур Абди, м-р Сања Николовска - Пачемска, м-р Славко Велевски, Сања Димитриевиќ, Суби Ајро, м-р Тања Лазарова-Осоговска, м-р Трајче Калевски, Албион Тренова, Бесир Јонуз, Муса Шасивари, Сејхан Кадриовска.

Лектор:
Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање: Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.3.016(497.7) (047.31)
ПЕТРОСКА Бешка, Виолета
Слободни изборни предмети во основно образование [Електронски извор] / автори Виолета Петроска Бешка, Николина Кениг, Ајше Ајрулаи. - Скопје
: Биро за развој на образованието, 2024
Начин на пристапување (URL):
https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2024/04/MINISTERSTVO-ZA-OBRAZOVANIE-I-NAUKA-LIBRI-PRINT.pdf.
- Текст во ПДФ формат, 51 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. -Опис на изворот на ден 14.05.2024
ISBN 978-608-206-131-3
1. Кениг, Николина [автор] 2. Ајрулаи, Ајше [автор]
а) Слободни изборни предмети -- Основно образование -- Македонија --Истражувања
COBISS.MK-ID 63665157

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

АВТОРИ

Виолета Петроска Бешка

Николина Кениг

Ајше Ајрулаи

Спроведување на истражувањето во училиштата:
м-р Афродита Давко, Александар Јолевски, д-р Жанета Чонтева, Весна Попова, Маре Бојческа-Савеска Флора Бесими, Абдираман Мемети, Ајше Селмани, Антоанета Шмит-Таневска, Башким Мислими, м-р Бети Денков, д-р Блага Панева, Борјана Јанакиева-Заева, Ванче Маневски, Весна Наумофф, Весна Торбовска-Василевска, м-р Валбона Камбери, м-р Виктор Баџуков, Вјолца Мехмети-Нуредини, Владимир Партинов, д-р Габриела Дурчевска-Георгиева, Горан Стојанов, Гордана Јанакиевска, Даниела Тачевска-Николов, Ѓулај Исаки-Усеини, Емилија Јованова, Емилија Пановска, Жаклина Марковска, Зоран Мазновски, м-р Зоран Трајковски, Ирена Борисовска, Ирина Ѓуровска-Пејоска, м-р Илир Мемеди, м-р Јанко Билбилоски, Јасмина Богдановска, Јасминка Несторовска-Иваноска, м-р Јулија Глигорова-Трајаноска, м-р Кети Димковска, Латифе Бајрами, Лидија Гиноска, д-р Лидија Кондинска, д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, м-р Мирјанче Милошевска, , Масар Авдиу, Мерзије Гаши-Сулејмани, д-р Наталија Ацеска, Нафије Садикоска-Елезоска, Невена Бошковска, м-р Оливер Станојоски, Олгица Наумоска, Оливера Тодороска, Онур Абди, м-р Сања Николовска-Пачемска, м-р Славко Велевски, Сања Димитриевиќ, Суби Ајро, м-р Тања Лазарова-Осоговска, м-р Трајче Калевски, Албион Тренова, Бесир Јонуз, Муса Шасивари, Сејхан Кадриовска.

СОДРЖИНА

Вовед 5
Цели на истражувањето 6
Учесници во истражувањето 7
Мерни инструменти 11
Резултати 12
- Резултати на наставниците реализатори на слободни изборни предмети 13
- Резултати за наставниците потенцијални реализатори на слободни изборни предмети 25
- Резултати на Учениците кои немале слободни изборни предмети 33

Заклучоци 48
Препораки 50

ВОВЕД

Воведувањето слободни изборни предмети во основното образование е една од позначајните промени во согласност со Концепцијата за основното образование од 2021 година. Целта на слободните изборни предмети е да се обезбеди развој на потенцијалите на секој ученик, да се мотивираат учениците за учење и да се придонесе кон самостојно насочување на учениците во натамошното образование.

Со Концепцијата за основното образование е предвидено учениците од вториот и третиот период на основното образование (IV – VI и VII – IX одд.) да избираат од четири категории слободни изборни предмети: 1) за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети (пример: анализирање и пишување поезија, математичко-логичко резонирање, заштита на животната средина, класична култура, жените низ историјата, програмирање, сликање/цртање/вајарство, соло пеење, народни ора); 2) за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети (пример: фотографија, градинарство/хортикултура, театарски работилници, готвење, резбарство, оригами, моделарство); 3) за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (пример: образование за животни вештини, образование за родова еднаквост, мултикултурни работилници, финансиска писменост) и 4) од спортско-рекреативен карактер (пример: фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, јога, пилатес, модерен танц).

Од секој ученик се бара да избере два слободни изборни предмети во текот на една учебна година (еден за првото и друг за второто полугодие), при што предметите што ќе ги избере за тековната учебна година мора да припаѓаат на различни категории. Во реализација на активностите во конкретен изборен предмет учествуваат ученици коишто споделуваат заеднички интерес, без оглед на тоа дали учат во иста паралелка (на пример, IV а), во различни паралелки од иста година (на пример, VI одделение) или во различни години во рамки на ист образовен период (на пример, VII – IX одделение).

Соогледна динамиката на воведување на реформата, во тековната учебна година со новата Концепција се опфатени само учениците од првиот и вториот период на основното образование, што значи дека можност за слободни изборни предмети до сега имале само учениците од вториот период (IV – VI одд.). За учениците од првиот период (I – III одд.), слободните изборни предмети се реализираат во вид на слободни изборни активности и следат поинакви правила при организацијата и спроведувањето.

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е спроведено со цел да се обезбедат одговори на следните прашања:

1. За наставниците кои реализираат или реализирале слободните изборни предмети:
Да се согледаат искуствата на наставниците од реализацијата на слободните изборни предмети за да се идентификуваат потребите, предизвиците и придобивките во врска со нивната реализација.

2. За наставниците кои сè уште не реализирале слободни изборни предмети:
Да се согледаат перцепциите на наставниците во врска со значењето на слободните изборни предмети и нивната подготвеност да реализираат слободни изборни предмети.

3. За учениците од VIII и IX одделение:
Да се согледаат перцепциите на учениците во врска со значењето на слободните изборни предмети и користа од нивната реализација.

УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето беа вклучени 119 основни училишта од 56 општини, што претставува 34,7% од вкупниот број основни училишта на територијата на државата. Табелата I, на која е прикажана структурата на примерокот училишта во кои се одвиваше истражувањето, покажува дека тројно побројни се еднојазичните училишта (73,9 %) во однос на училиштата со два или три наставни јазика (26,1 %) и дека застапеноста на училишта лоцирани во град (57,1 %) е поголема од застапеноста на оние што се лоцирани во село (42,9 %).

Табела I: Структура на примерокот училишта според застапеноста на наставните јазици и локацијата

	Еднојазични	**Повеќејазични**	Вкупно
Во град	51	17	**68**
Во село	37	14	**51**
Вкупно	**88**	**31**	**119**

Со истражувањето беа опфатени 4 783 наставници од вклучените основни училишта кои изведуваат настава во вториот и третиот период на основното образование (од IV до IX одделение).
Одделенските наставници кои во тековната учебна година (2023/24) работат со ученици од првиот период (I – III одделение) не беа вклучени затоа што во тој период слободните изборни предмети се реализираат во вид на слободни изборни активности, според поинакви правила на организација и реализација на часовите. Структурата на примерокот наставници е подетално прикажана во табелите II и III.

Табела II: Структура на примерокот наставници според полот и видот на наставата

	Одделенски наставници	**Предметни наставници**	Вкупно	%
Машки	198	1 140	**1 338**	28,0
Женски	1 194	2 251	**3 445**	72,0
Вкупно	**1 392**	**3 391**	**4 783**	
%	29,1	70,9		

Од податоците прикажани во табелата II може да се види дека забележливо мнозинство од наставниците кои учествуваа во истражувањето се жени (72 %), што е сосема очекувано со оглед на диспропорционалноста на половата застапеност во наставничката професија во основното образование. Табелата покажува и дека во примерокот доминираат предметни наставници (70,9 %), што е оправдано, ако се земе предвид дека поголемиот дел од одделенските наставници (оние задолжени за наставата од I до III одделение) не можат да реализираат слободни изборни предмети (што се предмет на ова истражување).

Табела III: Структура на примерокот наставници според јазикот на наставата и локацијата на училиштето

	Македонски (мак.)	**Албански (алб.)**	**Турски (тур.)**	Вкупно	%
Град	1 721	755	42	2 518	52,6
Село	925	964	17	1 906	39,8
И град и село	314	45	0	359	7,5
Вкупно	2 960	1 764	59	**4 783**	
%	61,9	36,9	1,2		

Во табелите и во графиконите што следат, скратениците мак., алб. и тур. се користат за означување нанаставниот јазик.

Табелата III покажува дека најзастапени се наставниците кои ја реализираат наставата на македонски јазик, а најмалку застапени се оние кои работат на турски наставен јазик. Податоците од истата табела покажуваат дека уделот на наставниците кои работат во училишта лоцирани во град е поголем отколку уделот на оние кои работат во училишта лоцирани во село, додека многу мал процент изведуваат настава и во централно училиште лоцирано во град и во подрачно училиште лоцирано во село. Дополнителниот увид во податоците укажува на тоа дека меѓу наставниците кои ја реализираат наставата на македонски јазик доминираат оние кои работат во урбани училишта, додека пак меѓу наставниците кои ја реализираат наставата на албански јазик позастапени се оние кои работат во рурални училишта.

За потребите на истражувањето, наставниците од примерокот се поделени во две групи врз основа на тоа дали имаат искуство со реализација на слободен изборен предмет или не: наставници реализатори (кои реализираат и/или претходно реализирале најмалку еден слободен изборен предмет) и наставници потенцијални реализатори (кои не реализирале, но би можеле да реализираат доколку се јави потреба за тоа). Според податоците прикажани во табелата IV, групата наставници реализатори брои 2 097 наставници, што е 43,8 % од вкупниот број наставници кои учествуваа во истражувањето, а групата наставници потенцијални реализатори ја сочинуваат преостанатите 2 686 наставници (56,2 %). Во рамки на истражувањето, двете групи наставници се третирани независно една од друга.

Табела IV: Поделба на наставниците според одговорот на прашањето: Дали сега реализирате или претходно сте реализирале слободен изборен предмет според новата Концепција?

	Мак.	Алб.	Тур.	Вкупно	
ДА: наставници реализатори	1 128	932	37	**2 097**	43,8
НЕ: наставници потенцијални реализатори	1 832	832	22	**2 686**	56,2
Вкупно	2 960	1 764	59	4 783	
% на реализатори во рамки на наставниот јазик	38,1	52,8	62,7	43,8	

Просечната должина на стажот на наставниците изнесува M = 14,55 (SD = 10,16). Споредбата на двете групи наставници покажува значајни разлики во должината на стажот ($t = 2,78$; $p < 0,01$, при што просечниот работен стаж на наставниците реализатори изнесува M = 15,02 (SD = 10,61), а на наставниците потенцијални реализатори M = 14,20 (SD = 9,80).

Во истражувањето беа вклучени **4 909** ученици од последните две одделенија од основното образование. Примерокот ученици опфати по една паралелка од VIII и една од IX одделение од секој наставен јазик застапен во основните училишта вклучени во примерокот. Структурата на примерокот ученици е подетално прикажана во табелите V и VI.

Табела V: Структура на примерокот ученици според полот и одделението

	VIII одд.	IX одд.	Вкупно	%
Машки	1 251	1 112	2 363	48,1
Женски	1 256	1 290	2 546	51,9
Вкупно	2 507	2 402	**4 909**	
%	51,1	48,9		

Податоците прикажани во табелата V покажуваат дека во примерокот се најзастапени девојчиња од IX одд. Момчињата од истата возраст се најмалку застапени. Сепак, разликите во застапеноста од еден до друг пол и од едно до друго одделение не се толку големи за да оневозможат примерокот да се смета за избалансиран во поглед на полот на учениците и одделението во кое учат.

Табела VI: Структура на примерокот ученици според јазикот на наставата и локацијата на училиштето

	Мак.	**Алб.**	**Тур.**	Вкупно	%
Град	2 218	858	192	3 268	66,6
Село	798	804	39	1 641	33,4
Вкупно	3 016	1 662	231	**4 909**	
%	61,4	33,9	4,7		

Од табелата VI може да се забележи дека најзастапени во примерокот се учениците кои учат на македонски наставен јазик, а дека оние кои учат на турски наставен јазик се многу малку застапени. Податоците од истата табела укажуваат и на тоа дека уделот на учениците кои учат во училишта лоцирани во град е поголем отколку уделот на оние кои учат во училишта лоцирани во село. Дополнителниот увид во податоците укажува на тоа дека меѓу учениците од паралелките со македонски наставен јазик речиси двојно позастапени се оние кои учат во урбани училишта, додека пак меѓу учениците од паралелките со настава на албански јазик скоро и да нема разлика во застапеноста на оние кои учат во урбани и во рурални училишта.

Со цел да се обезбеди попродлабочен увид во искуствата на учениците и нивните потреби, перцепции и преференции во врска со слободните изборни предмети, беа спроведени и дискусии низ фокус-групи. Во фокус-групите учествуваа вкупно 93 ученици кои учат на македонски наставен јазик (78,5 %) и на албански наставен јазик (22,5 %), од девет основни училишта лоцирани во пет различни градови (четири се од Скопје, а едно е рурално). Структурата на примерокот ученици вклучени во фокус-групите, според полот и одделението, е прикажана во табелата VII.

Табела VII: Структура на примерокот ученици во фокус-групите според пол и одделение

	VIII одд.	**IX одд.**	Вкупно	%
Машки	10	31	41	44,1
Женски	7	45	52	55,9
Вкупно	17	76	**93**	
%	18,3	81,7		

Во истражувањето намерно не беа вклучени учениците кои учествувале или учествуваат во слободни изборни предмети затоа што истражувањето немаше за цел да ги вреднува реализацијата и ефектите на оваа настава, туку перципираната корист од неа од страна на ученици кои учат по старата програма и имаат искуство со друг вид изборни предмети.

МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ

За да се обезбедат податоци поврзани со зацртаните цели на истражувањето, конструирани беа три прашалника – еден за учениците и два за наставниците.

Прашалникот наменет за учениците содржи 9 носечки прашања, сите од затворен тип (со избор на одговори од повеќе понудени алтернативи). Во зависност од бројот на понудените алтернативи, учениците имаа можност да избираат два или три одговори. Дополнително, учениците одговараа и на три демографски прашања – за локацијата на училиштето, за одделението и за полот.

За наставниците беа подготвени два различни прашалници: едниот наменет за тие кои реализирале слободни изборни предмети **(прашалник за наставници реализатори),** а другиот за тие кои до периодот на пополнување на прашалникот сè уште немале такво искуство **(прашалник за наставници потенцијални реализатори).** Прашалникот за наставниците реализатори содржи 13 носечки прашања посветени на искуствата при реализацијата на слободните изборни предмети, како и на релевантните мислења за овој вид настава. Наставниците потенцијални реализатори одговараа на 9 прашања, од кои последните три (оние кои се однесуваат на перципираните главни цели на различните категории слободни изборни предмети) се директно споредливи со прашањата за учениците. Од демографски податоци, беа барани информации само за полот, за статусот (одделенски или предметен наставник), за локацијата на училиштето/училиштата (град, село или комбинирано) каде што работат и за должината на стажот.

За сите прашалници беа подготвени три јазични верзии – на македонски, на албански и на турски јазик. Сите беа поставени на Гугл формс (Google forms) како посебни верзии за учениците, односно за наставниците од соодветните наставни јазици. На прашалниците се одговараше електронски, преку мобилни телефони или на училишни компјутери. Учениците одговараа за време на час.

Сите учесници беа обврзани да одговорат на сите прашања во „својот“ прашалник. За да преминат на следното прашање, задолжително мораше да одговорат на претходното. Така, сите прашања, без исклучок, се одговорени од страна на сите учесници во соодветниот примерок.

На сите учесници им беше загарантирана анонимност при одговарање на прашалниците. Целата постапка на задавање и одговарање траеше дваесетина минути. Процесот на прибирање податоци се одвиваше во периодот од 1 до 10 ноември 2023 година.

Фокус-групите беа реализирани во текот на месец декември, по увидот во квантитативните наоди. Во улога на модератори беа ангажирани претходно обучени студенти по психологија и една советничка од БРО. Сите беа изведени во училиштата каде што учат селектираните ученици. На учениците им беа поставени две носечки прашања, со по неколку потпрашања во врска со нивните преференции и размислувања за слободните изборни предмети. На сите учесници им беше загарантирана анонимноста. Дискусиите беа снимени со дозвола на учесниците.

РЕЗУЛТАТИ

Пред да започне презентацијата на наодите од обработката на податоците добиени од двете вклучени категории наставници (реализатори и потенцијални реализатори) и од учениците, треба да се земе предвид следново:

1. Акцентот при анализата е на описот на добиените наоди, заедно сообезбедување подетални увиди за разликите во одговорите низ различни јазици на настава и различни категории на слободни изборни предмети.

2. Во сите графикони и табели во текстот, одговорите на учесниците се дадени во вид на проценти. Исклучок е графиконот 5, во кој се прикажани аритметички средини.

3. Прашањата кои нудат можност да се прави повеќе од еден избор се анализирани низ перспектива на бројот на учесници кои одговарале на прашањето, односно на вкупниот број учесници во соодветниот примерок (со оглед на тоа што сите беа принудени да одговараат на сите прашања). Оттука, кумулативните проценти за овие прашања надминува 100 %.

4. Со оглед на целите на студијата, правено е директно споредување на процентите. Големиот број вклучени учесници ја оправдува оваа одлука кога се работи не само за споредбите меѓу процентите добиени за вкупните примероци од соодветната категорија учесници (ученици, наставници реализатори и наставници потенцијални реализатори) туку и за споредбите меѓу процентите добиени за подгрупите учесници од македонски и од албански наставен јазик во рамки на категориите учесници. Со оглед на далеку помалиот број, вклучените ученици и наставници кои учат/работат на турски наставен јазик треба да се третираат повеќе како илустративни, а компарациите правени со овие учесници треба да се земат со голема резерва.

5. Квалитативните податоци (од фокус-групите) се анализирани само на дескриптивно ниво и се презентирани како дополнение на релевантните квантитативни наоди во функција на нивно продлабочено разбирање. Користените цитати за да се илустрираат наодите од квалитативната анализа се презентирани во нивната изворна, говорна форма.

1. РЕЗУЛТАТИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ РЕАЛИЗАТОРИ НА СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

Според добиените податоци од 2 097 наставници кои одговориле дека реализираат слободни изборни предмети, околу 20 % од нив имале ангажман на повеќе од еден слободен изборен предмет. Иако може да се тврди дека постојат слободни изборни предмети кои не е лесно недвосмислено да се категоризираат во една од категориите понудени со прашалникот (1. за проширување, односно продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети; 2. за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети; 3. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците; 4. од спортско-рекреативен карактер), од податоците добиени од наставниците реализатори е јасно дека во периодот кога е правено истражувањето доминираат такви кои имаат функција да помогнат во збогатување на знаењата и вештините од некои од задолжителните предмети.

Повеќе од половината наставници (56 %) изјавиле дека нивниот изборен предмет може да се класифицира во оваа категорија. Околу една третина од направените избори припаѓаат на категоријата предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (31,1 %), а значително помалку се реализираат слободни изборни предмети од спортско-рекреативен карактер (16,3 %) и такви кои не се во директна релација со содржини од задолжителните предмети (16,6 %). На графиконот 1, освен овие проценти, се претставени и разликите во процентите на реализирани слободни изборни предмети во четирите категории, според јазикот на настава. Од него се гледа дека големи разлики меѓу учесниците од албански (3,3 %) и од македонски наставен јазик (27,4 %) има во поглед на тоа колку се реализирале предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од задолжителната настава. Следна забележлива разлика е во почестата застапеност на предмети од првата категорија таму каде што наставата се одвива на албански јазик (63,4 %), во споредба со оние на македонски (50,8 %). Сепак, највпечатливо отстапување од ранговите на зачестеност на реализација по категории има во наставата на турски јазик. Според одговорите на наставниците, тие најчесто реализирале слободни изборни предмети што помагаат во личниот и социјалниот развој на учениците (59,5 %), а речиси еднакво предмети од спортско-рекреативен карактер (29,7 %) и такви кои се поддршка на задолжителните наставни предмети (27 %).



Графикон 1: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: Во која категорија спаѓа слободниот изборен предмет што сте го реализирале/го реализирате?

Кога категориите на реализирани слободни предмети ќе се вкрстат со должината на работниот стаж на наставниците реализатори, се добива податокот дека оние со покус стаж реализирале изборни предмети од првата (M = 15,87) и од втората (M = 15,86) категорија, додека оние со подолг стаж, изборни предмети од третата (M = 13,30) и од четвртата (M = 13,17) категорија.

Речиси половина од наставниците реализатори (45 %) својот изборен предмет го подготвиле во соработка со други наставници од истото училиште. Ова особено важи за наставниците кои реализираат настава на албански наставен јазик (52,6 %). Околу една четвртина од наставниците ги користеле програмите на БРО за реализација на своите слободни изборни предмети (графикон 2). Самостојната изработка претставува најнетипичен начин на подготовка на слободни изборни предмети, особено за наставниците кои држат настава на македонски јазик (11,6 %).



Графикон 2: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Кој ја подготвил наставната програма за вашиот изборен предмет?*

Како што може да се види од табелата 1, наставниците се чувствуваат најудобно кога самостојно креираат наставна програма за предметите од првата категорија. Овие предмети, заедно со спортско-рекреативните, се категории предмети во кои најчесто се соопштува соработка со други наставници од училиштето (46,3 % и 47,2 %). Иако процентите се релативно рамномерно распоредени низ четирите категории предмети, наставниците најмногу користеле програми изработени од БРО при реализација на изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (27,9 %). Интересен наод е и тоа што низ сите категории, освен првата, преовладува бројот на наставници кои изјавиле дека наставната програма ја направиле во соработка со наставници од друго училиште, наспроти самостојно.

Табела 1: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: К*ој ја подготвил наставната програма за вашиот изборен предмет? за различните категории изборни предмети*

	За проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети	За поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжител-ните предмети	За поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците	Од спортско-рекреативен карактер
Самостојно	16,4	10,9	12,7	12,6
Во соработка со други наставници од училиштето	46,3	40,8	40,1	47,2
Во соработка со наставник/ наставници од друго училиште	14,6	21,8	19,3	13,5
Бирото за развој на образованието	22,7	26,4	27,9	26,7

Најголемиот број наставници (63,9 %) соопштуваат дека изборните предмети ги организирале врз основа на интересот што го покажале учениците, што е особено изразено кога наставата се одвива на македонски јазик (74,5 %). Изборот на сите други понудени алтернативи е многу низок (графикон 3). Единствено вреди да се спомене дека околу 40 % од наставниците кои ја реализираат наставата на турски јазик тврдат дека изборот се водел од нерелевантни причини, какви што се „барањето на директорот“ и „надополнување на фондот на часови на наставниците“.



Графикон 3: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Како е определено да се реализира Вашиот изборен предмет?*

Радува наодот дека мнозинството од наставниците реализатори (71,7 %) имаат впечаток дека слободниот изборен предмет кој го реализираат има третман на еднакво важен како и задолжителните предмети (графикон 4). Само 2,6 % од испитаните наставници соопштиле дека предметот има третман на речиси сосема неважен. Споредбата по наставни јазици упатува кон тоа дека рамноправниот статус на изборните со останатите предмети како перцепција доминира меѓу наставниците кои држат настава на македонски јазик, а нешто помалку кај наставниците кои држат настава на албански јазик. Видно различни се податоците добиени од наставниците кои држат настава на турски јазик, кои се поделени меѓу оние кои сметаат дека нивните изборни предмети биле третирани како еднакво важни и оние кои сметаат дека биле третирани како помалку важни.



Графикон 4: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Каков е третманот на Вашиот изборен предмет во училиштето?*

Ако се анализира важноста што им се припишува на слободните изборни предмети од различните категории (табела 2), може да се забележи дека единствено за тие од спортско-рекреативен карактер може да се каже дека во очите на нивните реализатори имаат третман на незначително помалку важни од другите категории слободни изборни предмети.

Табела 2: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Каков е третманот на Вашиот изборен предмет во училиштето? за различните категории изборни предмети*

	За проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети	За поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжител-ните предмети	За поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците	Од спортско-рекреативен карактер
Еднакво важен како и повеќето задолжителни предмети	72,5	75,6	73,4	69,2
Помалку важен од повеќето задолжителни предмети	25,6	21,8	24,4	27,3
Речиси сосема неважен	2,0	2,6	2,1	3,5

Во склад со овие податоци е и проценката на наставниците за тоа како учениците се однесуваат кон овие предмети за време на нивната реализација (графикон 5). На скала од 1 до 5 (1 = воопшто не беа/се мотивирани и активни до 5 = исклучително многу беа/се мотивирани и активни), мотивацијата на учениците е проценета како највисока од страна на наставниците кои реализираат настава на македонски јазик (M = 4,38; SD = 0,8). Како нешто помалку мотивирани се оценети учениците кои ја следат наставата на албански јазик (M = 4,05; SD = 1,04), а најмалку, учениците кои учат на турски јазик (M = 3,92; SD = 1,09).



Графикон 5: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Какво било/е однесувањето на повеќето ученици за време на часовите од Вашиот изборен предмет? (аритметички средини)*

Кога ќе се направи споредба по категории на слободни изборни предмети, наставниците ја проценуваат мотивираноста и активноста на учениците на следниов начин: учениците се најмногу мотивирани и активни на изборните предмети на кои се работат содржини кои не се во врска со задолжителната настава (M = 4,36; SD = 0,96), потоа следат предметите од спортско-рекреативен карактер (M = 4,32; SD = 0,92) и за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (M = 4,29; SD = 0,95), а како најмалку поттикнувачки за активност на учениците се проценети изборните предмети кои служат за продлабочување или за проширување на знаењата од задолжителните предмети (M = 4,18; SD = 0,78).

Наставниците реализатори имаа можност да изберат најмногу три од петнаесет понудени можни придобивки кои би ги издвоиле за да ги опишат ефектите од реализацијата на слободните изборни предмети. Анализата на податоците (графикон 6) покажа дека во нивните очи доминантна придобивка е тоа што учениците стекнуваат нови знаења и вештини (44,2 %). Сепак, во ова категорија одговори особено е воочлива разликата меѓу процентот на наставници кои ја реализираат наставата



Графикон 6: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Кои се придобивките од реализацијата на Вашиот изборен предмет? (до 3 одговори)*

македонски јазик (62,3 %) и тие кои ја реализираат наставата на албански јазик (22,7 %). Значителна пропорција на одговори за придобивките припаѓа и во категоријата дружење меѓу учениците, по што следат: соработка меѓу ученици од различни одделенија (20,4 %) и мотивирање на учениците за учење (19,4 %). Наставниците кои ја реализираат наставата на албански јазик значително почесто ја бираат соработката меѓу учениците (25,3 %) како придобивка, во споредба со колегите кои држат настава на македонски јазик (16,0 %). Следна важна разлика се забележува ако се споредат одговорите на наставниците кои држат настава на турски јазик со останатите два наставни јазика. Генерален впечаток е дека за овие наставници функцијата на изборните предмети повеќе е насочена кон релаксација, дружење, соработка и подобрување на атмосферата отколку за стекнување нови знаења и вештини или во функција на совладување на материјал од други предмети. Исто така, може да се воочи дека меѓу наставниците кои држат настава на турски јазик придобивките се многу пораспрскани по категории отколку кај наставниците кои држат настава на македонски и албански јазик, кои ги концентрираат одговорите во неколку главни категории.

Вкрстувањето на перципираните придобивки со различните категории изборни предмети (табела 3) покажува дека повеќе од 20 % од наставниците реализатори посочуваат дека нивниот изборен предмет, без оглед на категоријата во која спаѓа, води кон стекнување нови знаења и вештини, како и до дружење меѓу учениците, иако првата придобивка е доминантна кај предметите за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети, а втората кај предметите од спортско-рекреативен карактер. Карактеристично е тоа што единствено изборните предмети од спортско-рекреативен карактер овозможуваат стекнување навики за здраво живеење и релаксација од стрес. Соработката меѓу ученици од различни одделенија и мотивирањето на учениците за учење се сметаат за придобивки од изборните предмети што се надополнување на задолжителните или се однесуваат на другите интереси на учениците, додека поттикнување на талентот се обезбедува преку спортско-рекреативните изборни предмети и изборните предмети што поддржуваат дополнителни интереси на учениците.

Табела 3: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Кои се придобивките од реализацијата на Вашиот изборен предмет? за различните категории изборни предмети*

	За проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети	За поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжител-ните предмети	За поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците	Од спортско-рекреативен карактер
Дружење меѓу учениците	35,0	36,5	36,4	45,2
Соработка меѓу ученици од различни одделенија	22,9	21,3		
Стекнување навики за здраво живеење				21,4
Релаксација од стрес				23,5
Мотивирање на учениците за учење	20,4	21,3		
Стекнување нови знаења и вештини	41,5	63,5	49,5	39,9
Поттикнување на талентот		23,0		22,3

Во табелата се прикажани само процентите на одговорите за кои се определиле повеќе од 20 % од вкупниот број наставници реализатори на изборен предмет од дадената категорија.

Меѓу понудените алтернативи, како претпоставени бариери за реализација на наставата по слободни изборни предмети, од кои наставниците можеа да изберат максимум два, преовладуваат одговори во категориите кои се однесуваат на недостиг на материјални средства. Недостигот на опрема и ресурси за реализација, избран од дури 41,3 % од наставниците, заедно со несоодветните просторни услови за реализација на изборниот предмет, посочен од 37,7 %, воочливо „водат“ пред останатите предизвици. Од дистрибуцијата одговори поделена по наставни јазици (графикон 7), еден податок отскокнува како невообичаен – дури 24 % од одговорите на наставниците кои држат настава на турски јазик се однесуваат на незаинтересираност на учениците за изборните предмети. На недостигот на опрема и ресурси, наставниците кои држат настава на македонски јазик гледаат почесто како на бариера од колегите од другите наставни јазици, кои, пак, во споредба со нив, значително повеќе избори прават во категориите несоодветни просторни услови. Радува добиениот податок дека релативно мал број избори од страна на сите три групи се направени во категориите несериозен однос на учениците или недоволен интерес кај учениците.



Графикон 7: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Што од наведеното Ви претставувало/претставува најголема бариера при организација и реализација на изборниот предмет? (до 2 одговора)*

Табела 4: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Што од наведеното Ви претставувало претставува најголема бариера при организација и реализација на изборниот предмет? за различните категории изборни предмети*

	За проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети	За поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети	За поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците	Од спортско-рекреативен карактер
Изготвување наст. програма според дадениот модел	26,7	19,8	20,3	18,5
Несоодветни просторни услови за реализација	37,3	39,4	36,0	46,9
Вклучување на предметот во распоредот на часовите	14,0	11,8	10,2	12,3
Недоволен интерес на учениците	5,7	3,7	6,4	2,3
Несериозен однос на учениците кон предметот	5,1	2,9	5,5	2,6
Недостиг на опрема и ресурси за реализација	39,7	50,6	46,3	42,5
Ништо од наведеното	13,4	14,9	17,3	14,4

Анализата на бариерите при реализација на различните категории изборни предмети упатува на тоа дека најмногу проблеми со просторните услови се поврзани со реализација на предметите од спортско-рекреативен карактер (46,9 % од изборите), иако од оваа пречка не се поштедени ни другите категории предмети каде што изборите достигаат меѓу 36 и 39,4 %. Изготвувањето наставна програма се чини најкомплексно за категоријата предмети низ кои се прошируваат и се продлабочуваат знаења од задолжителните предмети, а недостигот на материјали и ресурси најмногу ги погодува предметите чиј фокус е стекнување нови сознанија (табела 4).

Врз основа на искуствата, наставниците, во најголем процент, и тоа скоро половина (43,4 %), не би промениле ништо при следна реализација на истиот предмет. Истовремено, нешто над 20 % сметаат дека би можеле да направат промени во тоа како на учениците им е презентиран предметот пред тие да го изберат, како и во дидактичкиот пристап во реализацијата (графикон 8). Незначителни 4,4 % од испитаните наставници изјавиле дека не би го реализирале повторно конкретниот изборен предмет. Резултатите сугерираат дека најзадоволни од реализацијата на слободниот изборен предмет се наставниците кои ја реализираат наставата на македонски јазик, со оглед на тоа дека кај нив доминира процентуалната застапеност на одговори во категоријата ништо не би променил/-а. Големи разлики од аспект на јазикот на настава има и во тоа колку наставниците сметаат дека соодветно го претставиле предметот пред учениците.



Графикон 8: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Што би промениле/сте смениле при повторна реализација на истиот изборен предмет?*

Наставниците реализатори имаа можност да изберат кој вид поддршка од БРО би им бил најпотребен, односно најкорисен кога се во прашање слободните изборни предмети. Најчесто избиран вид потребна помош е обука на наставниците за реализација на изборни предмети за поддршка на интереси на учениците, по што следи обезбедување готови наставни програми за поголем број изборни предмети. Графиконот 9, исто така, покажува дека многу мал број избори добила опцијата дека не е потребна посебна поддршка од БРО. Највоочливата разлика, ако се споредуваат одговорите според наставниот јазик, претставува големата диспропорција кај искажаната потреба БРО да обезбеди готови наставни програми за поголем број изборни предмети, која значително повеќе ја избираат наставниците кои реализираат настава на македонски јазик (45,1 %), споредено со колегите кои држат настава на албански (27,7 %) и на турски јазик (18,9 %).



Графикон 9: Одговори на наставниците реализатори на прашањето: *Каква поддршка од Бирото би сакале да добиете? (до 2 одговора)*

2. Резултати за НАСТАВНИЦИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ РЕАЛИЗАТОРИ на слободни изборни предмети

Според одговорите на наставниците кои учествуваа во истражувањето од позиција на потенцијални реализатори на слободни изборни предмети (N = 2686), на прашањето дали во иднина би сакале да спроведуваат настава од ваков вид, меѓу нив преовладува позитивниот став кон ваквата можност (графикон 10). Иако разликите не се многу големи, најзаинтересирани се наставниците кои предаваат на албански наставен јазик. Ако според должината на стажот наставниците од овој примерок се поделат во две категории – под и над просечниот за целата група, се добива дека тие со пократок стаж почесто изјавуваат дека се позаинтересирани (61,2 %) од нивните колеги со подолг работен стаж (38,8 %).



Графикон 10: Одговори на наставниците потенцијални реализатори на прашањето: Дали би сакале и Вие да реализирате слободен изборен предмет?

Кога им е понудено да изберат максимум две опции, наставниците покажуваат најмногу интерес за предмети кои служат за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети (39,8 %), сличен број на избори добила и категоријата изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (38,2 %), а нешто помалку предметите кои служат за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети (32,9 %) (графикон 11). Разбирливо, поради природата на компетенциите поврзани со предметите кои би можеле да бидат опфатени во категоријата спортско-рекреативни, тука бројот на избори е најмал (20,1 %). Незначителен процент од испитаниците категорично се определиле дека не би реализирале никаков слободен изборен предмет. Од графиконот се гледа дека најмала заинтересираност за реализација на предмети од спортско-рекреативен карактер има меѓу наставниците кои ја реализираат наставата на македонски јазик. Според заинтересираноста за предметите од третата категорија, доминираат наставниците кои работат на турски јазик, но, како што веќе беше нагласено претходно, тешко е да се изведуваат заклучоци со оглед на нивниот диспропорционално помал број во споредба со наставниците од останатите два наставни јазика.



Графикон 11: Одговори на наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Какви изборни предмети Вам лично би Ви биле најпривлечни? (до 2 одговора)*

Одговорите на истото прашање (Какви изборни предмети Вам лично би Ви биле најпривлечни?), добиени од наставниците потенцијални реализатори, кои изјавиле дека би сакале да реализираат слободен изборен предмет (графикон 10), покажуваат дека најпреферирани се изборните предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од задолжителните предмети (47,6 %), по што следат изборните предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој (38,6 %) и оние за дополнување на знаењата од задолжителните наставни предмети (35,6 %), а како најмалку посакувани се изборните предмети од спортско-рекреативен карактер (20,9 %).

Интересен наод е дека истите наставници, прашани за тоа кои можни два избора веруваат дека би ги направиле учениците (графикон 12), уверлива предност им даваат на предметите од категоријата спортско-рекреативни (49 %), додека како најмалку атрактивни, од перспектива на учениците, ги третираат предметите за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните предмети (23 %). Распределбата на проценти на избори (графикон 12) е мошне слична кога се во прашање наставниците кои реализираат настава на македонски и на албански јазик. Видно отскокнуваат податоците добиени од страна на наставниците кои реализираат настава на турски јазик, кои сметаат дека учениците уверлива предност би им дале на предметите кои служат за поддршка на личниот и социјалниот развој.



Графикон 12: Одговори на наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Што мислите дека би избрале повеќето ученици? (до 2 одговора)*



Графикон 13: Одговори на наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Според Вас, кои изборни предмети би им биле најпривлечни на повеќето наставници? (до 2 одговора)*

Од друга страна, прашани да го направат истиот избор, но од перспектива на заинтересираност на нивните колеги за реализација на слободни изборни предмети (графикон 13), тие даваат одговори кои отсликуваат ист редослед на преференција како кога како група одговараат за себеси, односно најпреферирана ја сметаат категоријата предмети кои служат за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети, а најмалку преферирана, спортско-рекреативната. Истата тенденција се забележува кај наставниците потенцијални реализатори од македонски и од албански наставен јазик.

Овие три перспективи – личната, заедно со претпоставените за колегите и за учениците – компаративно се прикажани на графиконот 14. Од графиконот јасно се забележува дека за сите категории изборни предмети постои голема сличност во преференциите дадени за личната перспектива и перспективата на колегите, а дека само кога се работи за изборните предмети кои ги покриваат дополнителните интереси на учениците не се добиени изразени разлики во одговорите што ги наведуваат преференциите од перспективата на учениците. Притоа, најголеми се разликите во категоријата изборни предмети со спортско-рекреативен карактер, кои се сметаат за единствените изборни предмети кои се далеку попривлечни за учениците отколку за самите наставници.



Графикон 14: Споредба меѓу одговорите на наставниците потенцијални реализатори на прашањата за привлечноста на изборните предмети за себе, за учениците и за другите наставници

Исто како и нивните колеги кои реализираат слободни изборни предмети, и наставниците потенцијални реализатори можеа да изберат најмногу три од повеќе понудени алтернативи за тоа што сметаат дека се главни цели на различните категории слободни изборни предмети. На графиконот 15 се споредбено претставени добиените одговори за сите видови категории. Од него се гледа дека овие наставници имаат тенденција да припишуваат релативно слични цели на изборните предмети наменети за продлабочување/проширување на знаењата од задолжителните предмети и оние наменети за стекнување знаења надвор од задолжителната настава. За повеќето цели, предметите кои се насочени кон подобрување на себеси како личност се третираат слично на предметите од претходните две категории, но постојат и цели, кои, ако се спореди бројноста на изборите, може да се наречат „потипични" за оваа категорија. Така, дружењето меѓу учениците (40,6 %), соработката меѓу учениците од различни одделенија (26,1 %), засилувањето на самодовербата на учениците (21,3 %) и градењето на нивниот карактер (21,3 %) се гледаат како покарактеристични за оваа категорија предмети во споредба со останатите. Најдистинктивен статус, од аспект на остварување на целите, имаат спортско-рекреативни изборни предмети. Доминантна разлика со останатите категории изборни предмети наставниците гледаат во можноста да релаксираат од стрес (48,9 %), да развиваат навики за здраво живеење (42,3 %) и да го поттикнуваат талентот на учениците (33 %).



Графикон 15: Споредба меѓу одговорите на наставниците потенцијални реализатори на прашањата за целите на слободните изборни предмети од различните категории



Графикон 16: Одговори на најмалку 20 % од наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Што според Вас би била главна цел на изборните предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети? (до 3 одговори)*

На графиконите 16 – 19 се прикажани изборите во врска со целите на различните категории изборни предмети (издвоени според јазикот на наставата) што ги направиле најмалку 20 % од наставниците од примерокот на потенцијални реализатори. Особено видливи разлики меѓу наставниците од различните наставни јазици, кога се во прашање слободните изборни предмети наменети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните предмети (графикон 16), може да се констатираат кај следниве цели: дружење меѓу учениците и мотивирање на учениците за учење, кои значително почесто се гледани како цели од страна на наставниците кои ја реализираат наставата на албански и турски наставен јазик, во споредба со тие на македонски. Од друга страна, наставниците кои работат на македонски наставен јазик позачестено го избираат стекнувањето нови знаења и вештини како важна цел за оваа категорија отколку нивните колеги од другите два наставни јазика. Воочливо, наставниците кои држат настава на турски јазик, во споредба со останатите, многу позачестено го гледале стекнувањето навики за здраво живеење како цел на оваа категорија предмети, што е необично, ако се земе предвид дека нема многу предмети во задолжителната настава кои ја реализираат оваа цел. Кога станува збор за перцепцијата на целите на слободните изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети (графикон 17), највидливите разлики според јазикот на настава се лоцирани на истите цели како за првата категорија, а варијациите се само во износите на процентите.

На прашањето што би била главна цел на изборните предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, најголемите разлики меѓу наставниците повторно се јавуваат за целите: дружење меѓу учениците, соработка меѓу ученици од различни одделенија и мотивирање на учениците за учење, кои најмногу ги избираат наставниците кои ја реализираат наставата на турски јазик, а најмалку наставниците кои држат настава на македонски јазик (графикон 18). Релевантен наод е и тоа дека засилувањето на самодовербата на учениците и градењето на карактерот на учениците со помалку од 20 % се бирани како главни цели од страна на наставниците кои ја реализираат наставата на албански јазик, а кај наставниците кои држат настава на турски, воопшто или речиси воопшто не се бирани.



Графикон 17: Одговори на најмалку 20 % од наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Што според Вас би била главна цел на изборните предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од задолжителните предмети? (до 3 одговори)*



Графикон 18: Одговори на најмалку 20 % од наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Што според Вас би била главна цел на изборните предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците? (до 3 одговори)*

Најголемата разлика во процентите на избори, врз основа на јазикот на настава, кај спортско-рекреативните изборни предмети (графикон 19) се гледа во тоа дека наставниците кои држат настава на албански јазик поретко го гледаат како важна цел стекнувањето навики за здраво живеење од нивните колеги кои држат настава на турски или на македонски јазик, но затоа имаат видно повеќе избори кај целта релаксација од стрес, во споредба со наставниците кои држат настава на турски јазик. Поттикнувањето на талентот дистинктивно почесто е бирано како цел од страна на наставниците кои реализираат настава на турски јазик.



Графикон 19: Одговори на најмалку 20 % од наставниците потенцијални реализатори на прашањето: *Што според Вас би била главна цел на изборните предмети од спортско рекреативен карактер? (до 3 одговори)*

3. Резултати за УЧЕНИЦИТЕ кои немале слободни изборни предмети

Според наодите од ова истражување, слободните изборни предмети се мошне популарни меѓу учениците кои немале можност за ваков избор затоа што не учат по новата Концепција за основно образование. Речиси секој втор ученик (вкупно 42,7 %) одговорил дека знае за можноста на учениците од подолните одделенија да избираат вакви предмети, а само малку повеќе од една четвртина (28,4 %) не се сигурни дека слушнале за такво нешто (графикон 20). Од дистрибуцијата на проценти по наставни јазици се гледа дека информираноста за оваа можност што ја имаат помладите соученици е најниска кај учениците кои следат настава на македонски јазик.



Графикон 20: Одговори на учениците на прашањето: *Дали си слушнал/-а дека и во вашето училиште постои можност за избирање по два изборни предмети за 4., 5. и 6. одделение?*

Графиконот 21 укажува на тоа дека учениците би сакале и тие да имале таква можност (77,1 %), а само околу 11 % не би сакале. Особено е висок процентот на ученици кои учат на албански наставен јазик кои искажале афирмативен став кон ваквата можност. Важен податок е и тоа дека дури и кај учениците кои не слушнале за слободните изборни предмети, афирмативниот став кон таквата можност е многу повисок (68,7 %), наспроти негативниот (16,3 %), а уште поважно е тоа дека најмалубројни се тие кои се запознаени со ова, а не би сакале да ја имаат таа можност (7,7 %). Вкрстените податоци се прикажани на графиконот 22.



Графикон 21: Одговори на учениците на прашањето: *Дали би сакал/-а и ти да имаше ваква можност?*

Вкрстените податоци што се прикажани во табелата 5 укажуваат на тоа дека над 80 % од учениците кои се информирани за слободните изборни предмети посакуваат да имале таква можност за избор. И процентот на учениците кои не се информирани, а се изјасниле дека посакуваат да ја имале истата можност е доста висок (68,7 %, односно 76,2 %).

Табела 5: Одговори на учениците на прашањето: *Дали би сакал/-а и ти да имаше ваква можност? од учениците што се или не се информирани за слободните изборни предмети*

	ДА, сум слушнал/-а	НЕ, не сум слушнал/-а	Не сум сигурен/ сигурна
ДА	83,4	68,7	76,2
НЕ	7,7	16,3	10,8
Не сум сигурен/ сигурна	8,9	15,0	13,1
Вкупно	100,0	100,0	100,0

Учениците беа прашани за тоа какви слободни изборни предмети би им биле најпривлечни, при што им беше дадено да бираат меѓу истите четири официјални категории на слободни изборни предмети, кои во нивниот прашалник беа преформулирани на начин кој е поразбирлив за нивната возраст. Од графиконот 22 се гледа дека учениците најмногу ги бирале предметите од спортско-рекреативен карактер (54 %), по што следат тие кои се насочени кон подобрување на себеси како личност (40,7 %). Распределбата на изборите според наставниот јазик укажува на многу истакната доминација на избори на категоријата спортско-рекреативни изборни предмети кај учениците кои учат на турски јазик, на сметка на оние кои овозможуваат повеќе знаења од задолжителните предмети, како и на тенденција учениците кои учат на македонски наставен јазик, повеќе од другите ученици, да ги сметаат за поатрактивни изборните предмети насочени кон подобрување на себеси како личност.



Графикон 22: Одговори на учениците на прашањето: *Какви изборни предмети тебе би ти биле најпривлечни? (до 2 одговора)*

Во одговорите добиени во фокус-групите на прашањето: Би сакале ли, кога би имало таква можност, да учите предмети кои сами ги избирате?, доминираа афирмативни одговори. Главно, учениците оваа можност ја асоцираат со информациите дека вакви изборни предмети се нудат на пониските одделенија, но и дека постојат други образовни системи каде што рано во текот на образованието постои можност за потесно насочување според интересите и желбите на учениците.

„Сега, на пример, кај нас, сите деца ги учат истите предмети. А во други земји, на пример, до петто сите деца ги учат истите предмети, а после, ако некои ги интересира математика, тие физика, на пример си ги бираа тие предмети и тие ги учат. Не на секој му е тоа убаво и интересно.“ – Ж., Мак.

„На пример, во Германија учат нормални предмети до петто оделение, а после си ги одбираат тие, како средно. Ама тоа кај нас го нема.“ – Ж., Мак.

Учениците сметаат дека тоа би било **корисно** најмногу **за да не се учи „сѐ и сешто“** и за **да се поддржи личниот афинитет за идното образование** во средно училиште. Ова се изјави кои се пример за таквиот став:

„Во исто време треба да се едуцираме за сѐ за да си создадеме слика што сакаме за понатаму, ама и да се подружиме.“ – Ж., Мак.

„Во идеално училиште може да бираме какви предмети сакаме.“ – Ж., Мак.
„Фолклор може или тој сака да биде кувар, тој сака да биде програмер – секој поединец да има свои часови.“ – Ж., Мак.

„Треба малку повеќе да се учи информатика, нови програми, артифицијална интелегенција Има многу предмети кои не се важни, ништо не правиме, ништо што би ни помогнало за понатаму.“ – М., Алб.

Поврзувањето на изборните предмети со насочување на кариерата, а не со други причини поради кои би се организирале изборни предмети, за малкумината кои сметаат дека изборноста не е добра е аргумент против изборноста. Тие сметаат дека воведувањето можност за избор уште од петто одделение или порано не е добро, бидејќи децата не би знаеле да изберат која би им била идната кариера. Овој став може да се види од следниве приложени изјави.

„Јас мислам дека е рано во петто да знаеме што не влечи, то треба во средно.“ – М., Мак.
„Не може на толку мало дете да му дадеме обврска да бира што сака. Ме разбирате, на десет години ние не можеме да знаеме што сакаме да биде нашата кариера во иднина. Уште имаме детски ум.“ – Ж., Мак.

Преференцијата на спортско-рекреативните изборни предмети, која е добиена како наод во квантитативното истражување, исто така е многу очигледна и низ изјавите во фокус-групите. Во одговорите на прашањето: *Какви предмети би сакале да бидат изборните?*, многумина нагласуваат дека повеќе сакаат Физичко образование и негови варијации.

„Јас мислам дека треба да се додаде да имаме физичко за да се раздвижиме, да имаме секој ден. Оти училиштето е стресно и Физичко е единствен предмет кај што се опуштаме, кај што се зафркаваме и мислам дека треба секој ден да биде зошто тогаш ни е времето за опуштање.“ – М., Мак.

„Физичко треба најповеќе часови да има затоа што треба да се развијат децата. Ако не се развиеме сега, кога? Покрај основните – ти сакаш да црташ, да имаш ликовно. Така, на пример, да има поќе...основа.“ – М., Мак.
„Треба да имаме базен, да научиме да пливаме.“ – М., Мак.

Учениците со голем ентузијазам зборуваат и за изборните предмети кои би **помогнале во развивањето како личност** и даваат описи за тоа дека би сакале изборни предмети кои според содржините би можеле да се класифицираат во оваа категорија. Најмногу ги поврзуваат со предмети кои би им помогнале да си помогнат себеси во тешките моменти, да се изразат и да се себеосознаат.

„Треба да има посебен предмет каде би учеле само за тоа како да се однесуваме, да учиме работи кои ќе ни се корисни во секојдневниот живот. Работи кои би ни помогнале да решаваме проблеми, како да се однесуваме кога ќе ни се појави некоја тешкотија во животот.“ – Ж., Алб.

„Мислам дека треба да имаме за подобрување на менталната состојба. Сите имаме мисли што нѐ мачат и некој да ни помогне тие темни мисли да ги претвориме во поле кај што можеме да ги изразиме на начин... мислам кај што можеме да видиме дека во светот се случуваат многу лоши работи, многу непотребни работи кои можеле да не се случат ако некој бил сослушан од друг.“ – М., Мак.

„Предмети каде што ние можеме сами да се изразиме, да ја изразиме нашата креативност и како може да се подобриме. Ние чувствуваме несигурност во некои полиња, таму да се потполни таа несигурност со самодоверба, сите да можат да бидат вклучени, едноставно да има предмет кај што ние ќе можеме повеќе да дознаеме за себеси.“ – М., Мак.

„Сакам да се воведе некој нов предмет, некој, како да кажам, за нас. Кога ќе ни биде тешко да кажуваме, да зборуваме како да ни се помогне, такви работи.“ – Ж., Мак.

„Мислам... не како психологија, ама... како општо знаење за психологија, за човекот за да знаеме ако чувствуваме нешто... ако имаме барем еднаш неделно час, може да сознаеме работи за себеси.“ – Ж., Мак.

Од анализата на изборите направени врз основа на одговорите дадени во прашалникот, прикажани на графиконот 22, за тоа која категорија предмети би им била најпривлечна на учениците, произлезе дека изборните предмети кои овозможуваат да се научи повеќе од материјалот кој се учи во задолжителните предмети и оние кои овозможуваат да се учи за нови нешта што не се учат во рамки на задолжителните предмети се сметаат за помалку привлечни.

Делот од овој наод, кој се однесува на преференција на предметите од втората категорија, не беше доследно реплициран во одговорите на учениците од фокус-групите, барем ако се суди според бројноста на идеите за тоа кои изборни предмети би сакале да ги имаат. Имено, кога беа прашани да наведат пример за тоа какви изборни предмети би им биле најпривлечни (низ сопствени примери), учениците наведуваа такви чии содржини може да се сместат токму во оваа категорија. Она што притоа остави силен впечаток е дека мошне се трудеа да објаснат дека сакаат да учат нови нешта, но тие треба да задоволуваат најмалку два критериума: 1. да бидат, пред сè, фокусирани на стекнување вештини, а не на знаења и 2. да бидат во очигледна релација со реалниот, секојдневен живот. На пример, учениците велат:

„[Сакам] да имаме као час да ни кажат како да се снајдеме, као како да запалиме огин, некои такви општи работи за живот.“ – М., Мак.

„Ако се повредиме, како со работите што имаме околу нас, да знаеме како да си помогнеме.“ – М., Мак.

„Треба да учиме нешто повеќе за животот, да знаеме кога ќе пораснеме како да дојдеме до финансии, како до поквалитетен живот.“ – М., Алб.

„Ако некој се исечи, да знаеш како да му помогнеш.“ – М., Мак.

„[Да научиме] како се готви.“ – Ж., Мак.

„Треба да има нешто како вештини за живеење, ама треба да се трудат наставниците попрактично да ни го предадат материјалот и попрактично да го работиме, а не само да биде предадено ради реда и ние да не го сфатиме.“ – М., Мак.

„Јас би сакал нешто да учиме за живото што ќе ни помогне, на пример, со пари да работиме, бизнис да праиме, со клиенти да се обраќаме.“ – М., Мак.

„Иновации, може иновации.“ – М., Мак.

Еден од условите кои учениците го наведуваат во врска со изборните предмети кои би им биле атрактивни е да не треба да се вложува голем напор во нивното совладување. Така, еден ученик кој ја следи наставата на македонски наставен јазик вели, на пример: ***„И математика нека биди [изборниот предмет], ама не толку тешко.“*** Негов врсник кој учи на албански наставен јазик вели дека очекува да се направат промени во правец на поврзување на материјалот со секојдневието и поедноставување кај сите предмети, но особено кај изборните, бидејќи: ***„Подобро да учиме нешто што е јасно, кратко и што ќе ни користи за нешто, а не штом ќе ја земеш оценката, сè забораваш; имаме чувство дека се мачиме со нешто што ни е бескорисно.“***
Паралелно со тоа, учениците го нагласуваат очекувањето изборните предмети да служат за растоварување од стрес, бидејќи задолжителната настава им е многу тешка. Освен во изјавите кои веќе беа дадени како илустрација на тоа што би преферирале, следниве се исто така поддршка за распространетото очекување на учениците изборните предмети да имаат улога, пред сè, на извор на релаксација и социјализација:

„Па нешто што полесно се учи, за боговите, на пример.“ – М., Мак.
„Да биде разбирливо, не како по другите предмети да се комплицира без потреба.“ – Ж., Алб.
„Да иаме работилници и да не биде за оценка, да не мораме да го праиме тоа... .“ – М., Мак.
„Ликовно е предмет кај што треба да се опуштиш.“ – Ж., Мак.

Со прашалникот учениците беа прашани што мислат дека би избрале повеќето други ученици, со можност повторно да дадат најмногу два избора. Од податоците во графиконот 23 се забележува дека меѓу одговорите дадени од перспектива на соучениците доминираат избори во категоријата предмети од спортско-рекреативен карактер (58,3 %). Припишаните преференции за сите други категории слободни изборни предмети се многу слични. Од дистрибуцијата на проценти на избори според јазикот на наставата, највоочлива е разликата меѓу поголемата преференција на спортско-рекреативни изборни предмети во перцепциите на посакуваност кај учениците кои учат на турски јазик.



Графикон 23: Одговори на учениците на прашањето: *Што мислиш дека би избрале повеќето други ученици?* (до 2 одговора)

Сосема различен распоред на преференции се добива кога учениците одговараат од перспектива на нивните наставници (графикон 24). Според учениците, наставниците би биле најзаинтересирани за реализација на изборни предмети кои овозможуваат да се научи повеќе од материјалот кој се учи во задолжителните предмети (66,9 %), потоа следат изборните предмети насочени кон подобрување на себеси како личност (36,2 %) и на крајот се изборните предмети кои овозможуваат да се учи за нешта кои не се учат во рамки на задолжителните предмети (26,5 %) и тие од спортско-рекреативен карактер (24,2 %). Наспроти ова, како што веќе беше коментирано (графикон 12), наставниците потенцијални реализатори изјавуваат дека најмногу би биле заинтересирани за реализација на изборни предмети кои овозможуваат да се учи за нешта кои не се учат во рамки на задолжителните предмети и такви кои се насочени кон подобрување на личните и социјалните вештини на учениците. Од прикажаната дистрибуција на проценти на избори според наставниот јазик, највоочлива е највисоко припишаната преференција за изборните предмети кои овозможуваат проширување/продлабочување на содржините од изборните предмети од страна на учениците кои учат на албански наставен јазик, како и исклучително ниската припишана преференција за категоријата предмети кои ги покриваат другите интереси на учениците што не се опфатени со задолжителните предмети од страна на истите ученици.



Графикон 24: Одговори на учениците на прашањето: *Според тебе, кои изборни предмети би им биле најпривлечни на повеќето наставници?* (до 2 одговора)

Споредбата меѓу одговорите кои ја илустрираат личната перспектива, перспективата на соучениците и перспективата на наставниците (графикон 25) укажува на совпаѓање кога се работи за предметите кои ги покриваат интересите на учениците надвор од она што се учи во задолжителните предмети. За изборните предмети кои служат за проширување/продлабочување на содржините од задолжителните предмети и за оние кои имаат спортско-рекреативен карактер, процентите на одговорите дадени од личната перспектива и од перспективата на соучениците се меѓусебно многу слични и истовремено многу различни од оние дадени за перспективата на наставниците – во едниот случај се двојно помалку застапени, а во другиот се двојно повеќе застапени. Единствено кога се работи за изборните предмети што се насочени кон личниот и социјалниот развој на учениците – за оваа категорија личната перспектива е послична од припишаната перспектива на наставниците, а подалечна од припишаната перспектива на соучениците.



Графикон 25: Споредба меѓу одговорите на учениците на прашањата за привлечноста на изборните предмети за себе, за другите ученици и за наставниците



Графикон 26: Споредба меѓу одговорите на учениците на прашањата за целите на слободните изборни предмети од различните категории

Исто како и наставниците потенцијални реализатори, и учениците беа прашани за тоа што сметаат дека би биле главните цели на сите четири категории слободни изборни предмети. Дистрибуцијата на изборите (од можни 3 одговори) е прикажана на графиконот 26. Највпечатлив наод е дека независно од категоријата учениците сметаат дека клучна цел на овие предмети би требало да биде дружењето. Следни по ред се соработката меѓу учениците од различни одделенија и релаксацијата од стрес, при што ова најмногу се очекува од спортско-рекреативните предмети. Оваа категорија е најистакната и по тоа дека најмногу избори ѝ се припишани за неколку други цели освен веќе дискутираните: поттикнување на талентот (32,5 %) и стекнување навики за здраво живеење (30,1 %). Предметите од категоријата наменета за поттикнување на личниот развој предничат пред останатите во целите – градење на карактерот (21,3 %) и поттикнување самодоверба (17,5 %). Стекнувањето нови знаења и вештини во очите на учениците не е на врвот на листата на цели на овие предмети, особено не ако тие припаѓаат на третата и на четвртата категорија. Најнакрај, вредно за коментар е и тоа дека само 17,2 % од изборите се однесуваат на тоа дека предметите кои се наменети за проширување и за продлабочување на знаењата од задолжителните предмети имаат за цел поддршка во совладување на материјалот.

На графиконите 27 – 30 се презентирани разликите во перцепциите на учениците од различните наставни јазици за тоа кои се носечките цели на категориите предмети, при што се вклучени изборите за кои се определиле најмалку 20 % од сите ученици во примерокот. Во категоријата предмети кои се поддршка на задолжителните предмети, од учениците кои учат на различни наставни јазици се добиени мошне хетерогени приоритети од аспект на целите кои треба да ги остварат (графикон 27). Така, учениците кои учат на македонски јазик значително почесто ја избираат целта дружење меѓу учениците, во споредба со нивните врсници кои учат на другите наставни јазици. Од друга страна, пак, учениците кои учат на албански јазик предничат во избирање на релаксација од стрес и соработка меѓу учениците од различни одделенија како цели на оваа категорија предмети, на сметка на многу ретко избирање на целта стекнување вештини и знаења.



Графикон 27: Одговори на најмалку 20 % од учениците на прашањето: *Што според тебе би била главна цел на изборните предмети кои овозможуваат да се научи повеќе од материјалот кој се учи во задолжителните предмети?* (до 3 одговори)

Многу сличен е распоредот на избори и кај категоријата изборни предмети кои овозможуваат да се учи за нешта кои не се учат во рамки на задолжителните предмети (графикон 28), со мали разлики во процентите на избори. Така, за учениците кои учат на македонски наставен јазик најбитна цел е дружењето меѓу учениците, а за учениците кои учат на албански наставен јазик – релаксацијата од стрес. Истовремено, учениците кои учат на албански јазик не препознаваат дека овие предмети служат за стекнување нови знаења и вештини, што не е случај со учениците кои учат на другите два наставни јазика.



Графикон 28: Одговори на најмалку 20 % од учениците на прашањето: *Што според тебе би била главна цел на изборните предмети кои овозможуваат да се учи за нешта што не се учат во рамки на задолжителните предмети?* (до 3 одговори)

Највоочливо за презентираната дистрибуција на одговорите во врска со целите на изборните предмети насочени кон подобрување на себеси како личност (графикон 29) е што во оваа категорија изборни предмети има најголема шареноликост на припишаните цели од страна на повеќе од 20 % од сите ученици во примерокот. За најголем дел од учениците кои учат на македонски наставен јазик, главна цел на овие изборни предмети е дружењето меѓу учениците, додека пак најголем дел од учениците кои учат на албански наставен јазик се скоро подеднакво распоредени околу оваа цел и релаксацијата од стрес како втора. Од друга страна, само учениците кои учат на македонски наставен јазик мислат дека овие изборни предмети служат за градење на карактерот на учениците, а заедно со учениците кои учат на турски наставен јазик мислат дека целта им е да помогнат во стекнување навики за здраво живеење.



Графикон 29: Одговори на најмалку 20% од учениците на прашањето: *Што според тебе би била главна цел на изборните предмети кои се насочени кон подобрување на себеси како личност?* (до 3 одговори)

Кога се работи за главните цели на изборните предмети со спортско-рекреативен карактер презентирани во графиконот 30, она што се истакнува се разликите во мислењата на учениците од различните наставни јазици, кои се најголеми кога се работи за дружење меѓу учениците и стекнување навики за здраво живеење (двојно позастапен избор меѓу учениците кои учат на македонски наставен јазик отколку кај учениците кои учат на албански). За учениците кои учат на албански јазик, најважна цел на оваа категорија изборни предмети е релаксација од стрес, додека пак околу целта поттикнување на талентот постои „меѓујазична“ согласност од висок процент на ученици од сите три наставни јазици.



Графикон 30: Одговори на најмалку 20 % од учениците на прашањето:
Што според тебе би била главна цел на изборните предмети од спортско-рекреативен карактер?
(до 3 одговори)

ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на добиените резултати, може да се изведат следните заклучоци:

1. Соочени директно со реализација на слободен изборен предмет, наставниците се чувствуваат покомотни кога се работи за таков што им е близок до предметот за кој се квалификувани според базичното образование. Од друга страна, понудата на потенцијалните реализатори е фокусирана на слободните предмети кои ги поддржуваат другите интереси на учениците (2. категорија) и предметите за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, кои се помалку застапени во тековната реализација (особено оние од 2. категорија).

2. Со сигурност може да се смета на зголемување на бројот на наставници кои се заинтересирани за реализација на слободни изборни предмети, иако немале искуство со тоа. Особено значајно е што во ниту една категорија изборни предмети не отсуствуваат потенцијални реализатори.

3. Наставниците реализатори се свесни дека слободните изборни предмети треба да бидат организирани врз основа на интересите на учениците. Тоа се рефлектира во нивната перцепција дека учениците се високо мотивирани и активни за време на нивната реализација и дека главно ги третираат како еднакво важни како и задолжителните предмети. Тоа е најверојатно причината поради која наставниците кои реализирале слободен изборен предмет се генерално задоволни како протекла реализацијата и ништо не би менувале.

4. Како главни бариери во реализацијата на сите категории СИП се наведуваат физичките услови и недостигот на опрема и ресурси, коишто се најчесто посочувани кога се работи за реализација на наставата воопшто.

5. Наставниците не се подготвени самите да изработуваат наставни програми или затоа што немаат компетенции за тоа или затоа што не сакаат да вложат дополнителен напор. Затоа и многу се потпираат на БРО од кое очекуваат како готови наставни програми така и обуки за реализација на наставните програми за изборните предмети за поддршка на интересите на учениците, кои се најмалку застапени во реализацијата.

6. Наставниците мислат дека учениците најмногу сакаат предмети од спортско-рекреативен карактер, кои истовремено се најмалку посакувани од самите наставници. Ограниченото број избори на наставниците, во прилог на спортско-рекреативните предмети, најверојатно произлегува од перцепцијата на наставниците дека нив може да ги реализираат само наставниците со професионални компетенции за реализација на Физичко образование.

7. Учениците се согласуваат со наставниците дека за нив најпривлечни се изборните предмети од спортско-рекреативен карактер, кои ги сметаат како предмети за дружење и релаксација. Истовремено, на наставниците им припишуваат интерес главно за изборните предмети со кои се дополнуваат содржините од задолжителните предмети, без соодветно да го препознаат интересот на наставниците што го искажуваат за изборните предмети што ги поддржуваат другите интереси на учениците или го поддржуваат личниот и социјалниот развој на учениците.

8. Ниту наставниците ниту учениците знаат соодветно да ги проценат вистинските потенцијални придобивки од реализацијата на слободните изборни предмети од различните категории. Учениците би очекувале од сите вакви предмети да служат главно за дружење, при што тие, повеќе отколку наставниците, го занемаруваат стекнувањето знаења и вештини како една од поважните цели што треба да се постигнат со реализацијата на изборните предмети.

9. Повеќе од две третини од учениците кои не ја следат наставата според новата Концепција изјавуваат дека би сакале, кога би можеле, самите да бираат од понудените категории изборни предмети. Тоа е показател дека Концепцијата, кога се работи за слободните изборни предмети, соодветно ја адресира нивната потреба за изборност.

ПРЕПОРАКИ

Од изнесените наоди произлегуваат следните препораки:

1. Наставниците треба дополнително да се поддржат во подготовката на наставните програми за слободните изборни предмети. Во таа насока се препорачува Бирото да обезбеди дополнителна обука за изготвување на наставните програми за самите наставници или за стручните соработници, кои можат да обезбедат континуирана поддршка за наставниците. Дополнително, се очекува Бирото да понуди готови изработени наставни програми за повеќе изборни предмети од сите четири категории што ќе им бидат достапни на наставниците. Притоа, може да објави наставни програми изготвени од страна на Бирото, но и такви кои успешно ги изработиле наставници, кои за таа активност би добиле соодветна професионална валоризација.

2. На наставниците треба да им се помогне да разберат дека првенствена цел на слободните изборни предмети, без оглед на категоријата на која ѝ припаѓаат, е да развиваат знаења и вештини кај учениците, а попатно и да обезбедуваат мотивација за учење, да придонесуваат за социјализација на учениците и за ослободување од напнатост и стрес во училиштен контекст. Се очекува наставниците да им го пренесат тоа и на учениците и во фазата на промоција и при реализацијата на своите изборни предмети.

3. Категоријата слободни изборни предмети директно насочени за стимулирање на личниот и социјалниот развој на учениците треба да биде позастапена при реализацијата затоа што како потреба тоа го искажуваат самите ученици, а е и во согласност со актуелните потреби за зајакнување на менталното здравје и општата добросостојба на учениците. Овие предмети се најсоодветни за зајакнување на воспитната компонента во воспитно-образовниот процес.

4. Во насока на излегување во пресрет на искажаните потреби на учениците за поголема понуда на изборни предмети од спортско-рекреативен карактер, треба да им се помогне на наставниците да разберат дека за реализација на овие изборни предмети не се неопходни висококвалификувани компетенции во сферата, особено кога се работи за такви кои се повеќе од рекреативна природа.